**ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА „РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ 2007 – 2013“**

# ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ВО НЕПОВОЛНА ПОЛОЖБА НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ

**март 2014**

ПОДДРШКА НА ЖЕНИТЕ ОД МАЛЦИНСТВАТА ПОГОДЕНИ ОД КОНФЛИКТОТ 3

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА ЖЕНИТЕ ОД НЕМНОЗИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ПРЕКУ ПРОФИЛИРАЊЕ / ОЦЕНКА, ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА И СОВЕТУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ 4

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ АКТЕРИ ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО (ФАЗА 2) 5

ПОДДРШКА НА МОНИТОРИНГОТ И КОНТРОЛАТА НА ФИНАСИРАНИТЕ ОПЕРАЦИИ ВО ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ 2007-2013 6

## ПОДДРШКА НА ЖЕНИТЕ ОД МАЛЦИНСТВАТА ПОГОДЕНИ ОД КОНФЛИКТОТ

Целта на проектот е подобрување на вработеноста на жените (етничките Албанки, Ромки, Македонки и др.) кои живеат во регионите погодени од конфликтот во 2001: Куманово (Липково), Скопје (Чаир и Сарај), Тетово (Теарце, Желино и Јегуновце) и Гостивар (Маврово –Ростуше).

Со проектните активности се опфатени над 500 жени од гореспоменатите региони, како што се жените од фамилиите на загинатите за време на конфликтот, жените од фамилиите кои имале повреден (ранет) од конфликтот во фамилијата и останатите жени од сиромашните фамилии (останатите малцинства и Македонките).

| | |
|---|---|
| Времетраење**:** | ноември 2012 – април 2014 |
| Вкупен буџет: | 261 680 евра |
| ИПА: | 248 073 евра (94,8% од вкупниот буџет) |
| Организација што го спроведува проектот: | Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС);<br><br>Партнер организации: Флоренс најтингел - Куманово, Иницијатива за европска перспектива – Скопје, Рекански бисер - Ростуше |
| Веб страница на проектот | http://www.mcms.org.mk/en/our-work/programmes/ozp.html |

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА НА ЖЕНИТЕ ОД НЕМНОЗИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ПРЕКУ ПРОФИЛИРАЊЕ / ОЦЕНКА, ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА И СОВЕТУВАЊЕ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ

Целта на проектот е да се подобри вработливоста на жените од етничките заедници (Турчинки, Ромки, Србинки и Босанки, но и Македонки и Албанки) за нивно вклучување на пазарот на труд и да се поддржи женското претприемништво во Скопје (селата Аликоч, Конче, ромските населби Топана, Шуто Оризари и Чаир), Радовиш и Тетово (селата Шипковица и Одри).

Проектот ги опфати активностите поврзани со квалификување на жените од етничките заедници и нивна подготовка за влез на пазарот на труд или креирање на нивни бизниси преку профилирање и соодветно стручно обучување, јакнење на свеста за состојбата со жените и нивното вработување и поттикнување на културна отвореност во однос на учеството на жените на пазарот на труд, зајакнување на капацитетите и соработка со други граѓански организации и вклученост на потенцијални компании – работодавачи во проектот преку нивно информирање и посети од жените.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | ноември 2012 – април 2014 |
| Вкупен буџет: | 287 890 евра |
| ИПА: | 272 515 евра (94,66% од вкупниот буџет) |
| Организација што го спроведува проектот: | Internationaler Bund e.V. (IB), Verbung Wurttemberg;<br><br>Партнер организации: Дерја - Скопје, Женски форум – Тетово, ИРКОМ - Скопје |
| Веб страница на проектот | http://quali4women.org/?page_id=23 |

## ЗАЈАКНУВАЊЕ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ АКТЕРИ ЗА СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО (ФАЗА 2)

Претставници од граѓанските организации, локалната самоуправа и останатите релевантни актери во земјата се обучени за подготовка и спроведување на проекти во областа на социјалната инклузија, согласно со стандардите и правилата на Европската унија.

Во рамките на проектот се обучени вкупно 220 стручни лица за управување со проектен циклус, финансиско управување во управување со проектен циклус, управување со проектен циклус за градење партнерство, анализа на засегнатите страни, и социјални показатели и евидентирање на податоци (проекти за социјално вклучување засновани на докази и социјално активирање на маргинилизираните групи за поголема вработливост).

| | |
|---|---|
| Времетраење: | март 2013 – јуни 2014 |
| Вкупен буџет: | 179 500 евра |
| ИПА: | 152 575 евра |
| Корисник на проектот: | Министерството за труд и социјална политика, центрите за социјална работа<br><br>Единиците за локална самоуправа,<br><br>Невладините организации |
| Организација што го спроведува проектот: | Ace International Consultants, Шпанија |
| Веб страница на проектот | https://www.facebook.com/empoweringrelevantactors |

## ПОДДРШКА НА МОНИТОРИНГОТ И КОНТРОЛАТА НА ФИНАСИРАНИТЕ ОПЕРАЦИИ ВО ОПЕРАТИВНАТА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ 2007-2013

Главна цел на проектот е да се постигне ефикасно и телемно управување и имплементација на Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013, во рамки на децентрализираното управување, во согласност со Регулативата за имплементација на ИПА и соодветната Финансиска спогодба.

Целта на овој твининг проект е понатамошно зајакнување на институционалната рамка и човечките капацитети во рамки на Оперативната структура за мониторинг и контрола на операции и проекти, со цел да се обезбеди ефикасна и ефективна имплементација на Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 во согласност со правилата на ЕУ и националните правила.

Активностите на проектот се насочени кон зајакнување на институционалниот капацитет за следење на ниво на програма и проекти со цел обезбедување темелно финансиско управување на Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 и зајакнување на капацитетите на Оперативната структура за следење и контрола на проекти во согласност со правилата на ЕУ и националните законски одредби.

| | |
|---|---|
| Времетраење: | март 2014 – ноември 2014 |
| Вкупен буџет: | 250 000 евра |
| ИПА: | 212 500 евра (85,0% од вкупниот буџет) |
| Организација што го спроведува проектот: | Министерство за социјална сигурност и труд на Република Литванија |